316.361.13(497.115)

**Анѓелина Хамза-Хасанај,** (Косово)
**Одделение за етнологија**
**Албанолошки институт - Тирана**
**е-пошта: angjelina_hamza@hotmail.com**

# МЕЃУВЕРСКИ БРАКОВИ ВО КОСОВО

**Апстракт:** Во трудот се обработува еден интересен општествен феномен, кој во исто време е и чувствително прашање, а се однесува на склучување бракови помеѓу Албанци со различна вероисповед: христијани католици и муслимани. При обработката на темата се користени материјали што се прибирани со теренско истражување реализирано во неколку села и градови во Косово. Текстот има цел да понуди еден специфичен приод кон мешаните бракови, посебно кога станува збор за две различни религии, како и да се воочи кои се општите норми што произлегуваат од религиозното гледиште.

Во досегашните истражувања на религиски мешаните бракови на Косово, периодот по Втората светска војна се препознава како период кога најмногу се склопувале религиски мешани бракови, како и бракови помеѓу припадници на различни националности. Во Косово, во периодот кога тоа било дел од СФР Југославија, меѓукултурната, економската и социјалната комуникација се развивала меѓу различните групи што живееле на тие простори. Тоа било период на една тешка сеопшта криза, период кога започнала огромната миграција од село в град, главно поради економски причини и потребата од работна сила, со што, освен за вработување, се создале услови за пообемна општествена еманципација и модернизација на општеството, што придонесло луѓето да се запознаваат, да се мешаат и да стапуваат во мешани бракови.

**Клучни зборови**: брак, мешани бракови, религија, католици, муслимани, семејства.

## Меѓуверски бракови во Косово

Мултиетничката и мултирелигиската структура на Косово, колку и да има симболички карактер, создава можности за склучување бракови на припадници од иста нација, а со различна религиска припадност, или склучување бракови на припадници на различни нации, а припадници на иста вера.

Историските околности овозможиле во Косово да живеат повеќе етнички заедници: Албанци, Срби, Турци, Евреи, Роми и други. Овие заедници, во историска перспектива, реализирале, некогаш повеќе, некогаш помалку, меѓусебен соживот. Општествените норми на заедниците, најчесто, влијаеле како регулатор во однос на

една од најсилно контролираните сфери на семејниот живот – склучувањето брачна заедница. Браковите помеѓу припадници од различни конфесии често се случувале скришум за да не бидат предмет на јавна дебата или осуда. Етнологот Марк Тирта за ваквите бракови вели: „И во минатото се гледаат обиди за промени во брачните врски. Имало случаи на брак од љубов, брак склучен меѓу припадници од различни религии. Но тоа биле само обиди, бидејќи против нив биле и околностите и времето, религијата, патријархалните закони и моралот, и општествениот менталитет создаден во вакви околности“ (Tirta 2003: 273–274).

Имало периоди кога општествениот феномен на верски мешаните бракови во Косово бил поизразен. Таков бил периодот по Втората светска војна, кога имало поголем број мешани меѓуетнички и меѓурелигиски бракови. Мешаните бракови претежно се случувале меѓу маж Албанец и жена Босанка, а поретко на Албанец со жена Србинка. Така, склучувањето на бракот речиси никогаш не било посакувано, а изборот го правела самата девојка без согласност на фамилијата, што резултирало со „нејзино исклучување од фамилијата“. Браковите склучени меѓу припадници на албанската, српската или црногорската заедница не биле прифатени и не биле толку чести. Во поголем број случаи, жената формално ја менувала верата и етничката припадност поради мажот. Ваквите бракови имале одредени рефлексии и кај наследниците во повеќе аспекти од животот и однесувањето во социјалните средини. Посебно интересни се мешаните бракови помеѓу Албанци припадници на двете религии, христијанството и исламот. Кога станува збор за овој тип мешани бракови, помеѓу припадници на двете религии, во последно време се забележува пораст во споредба со минатото, посебно кај поединци што живеат во западноевропските земји. Исто така, од ден на ден расте бројот на мешани бракови и во Косово, како и во други региони каде што живеат Албанци. Сметаме дека оваа појава ќе биде присутна и понатаму и ќе биде во пораст поради фактот што општеството во Косово е дел од светските процеси на глобализацијата, што укажува на тоа дека овој народ станува поотворен за прифаќање на мешаните бракови. Ваквите бракови се оправдуваат како прифатливи поради фактот што се склучуваат помеѓу припадници од иста етничка заедница со различна религиска припадност. Ваквата верска толеранција оди во прилог кон разбирањето на етничкиот и националниот идентитет на Албанците, кој, како што вели Рамадан Соколи, „ги става настрана религиските прашања и се фокусира, главно, на етнокултурните и јазичните карактеристики на Албанците“ (Sokoli 1997: 7).

**Бракот според исламската вера во косовското општество**

Бракот, посебно верскиот брак, се смета за една од најсериозните животни одлуки на човекот, и затоа не би требало да се дозволи негова реализација без добро смислен план. Фактички, секој аспект на исламскиот живот е определен според учењето во Куранот и препораките на пророците. Во исламското општество, бракот не е сакрамент, света тајна, каква што е во христијанството. При склучувањето

исламски брак не мора да биде присутен верски претставник што би требало да го официјализира бракот. Според исламската вера, свршувачката му претходи на бракот со цел брачните другари меѓусебно да се запознаат. Потоа се венчаваат со сведоци, кои би требало да се родителите или старателите и два сведока, чиешто присуство е задолжително во моментот на склучување на бракот, кој може да се изврши во џамија, или, пак, на друго место. Свадбената церемонија се реализира подоцна. Значи, во исламот свештениците не се задолжителен дел од брачниот обред, а поимот светост на бракот воопшто не постои. Како резултат на ова, верата ги има одредено општоприфатените процедури за спроведување на свадбената церемонија (Faruki 2007: 132).

Бракот се преферира во исламот поради фактот што се смета дека е традиција на пророците, а пофалбите и пораките што се содржани во Куранот и во другите ајетски книги пренесуваат многу пораки што не преферираат целибат, туку поттикнуваат брак. Исламската религија придава посебно значење на бракот како сериозна одлука во животот на човекот. Пророкот Мухамед еднаш рекол дека „бракот е половина од верата". Притоа се истакнува важната улога на жената во извршувањето на брачните обврски, во подигнувањето на децата, нивната едукација, бидејќи децата од мајката преземаат многу особини. Затоа треба внимателно да се одбере животниот партнер и воспитувачката на децата, при што се алудира на сопругата. Ова укажува дека изборот на брачниот партнер, поточно на сопругата, се засновува на различни критериуми. Има такви што претходно поставуваат посебни барања, гледајќи ги физиономијата, престижот и потеклото. Но, според верските идеологии, пророкот Мухамед во неговите пораки кажува дека секогаш во изборот на животниот партнер треба да се има предвид верата.

> *Жената се венчава во име на четири работи: за нејзиното богатство, за нејзината општествена позиција, за нејзината убавина и за нејзината вера. Значи, одбери религиозна жена за да не бидеш изгубен*[1].

Изборот на сопругата, според исламската религија, како прво треба да е со верски основи, а дури потоа се обрнува внимание на другите карактеристики, какви што се: богатството, убавината, престижот и економската стабилност. Сиве овие вредности се сметаат за голема вредност на бракот, што одговара на народната пословица *врвот на доброто*. Значи, ова е една заедничка практика на обичните луѓе, на духовните водачи, па и на пророците. Во врска со ова постојат ајети и хадити, кои велат, кога еден муслиман се жени, тогаш тој ја усовршува половината од неговата вера, бидејќи пророкот Мухамед рекол: „бракот е половина од верата". Паралелно со ова, и различни муслимански истражувачи ја сметаат венчавката како многу значајно прашање, за што имаат пишувано многу книги. Муслиманските правници, кои го интерпретираат Куранот, велат дека бракот е верска обврска, и како одбрана на моралот и како општествена обврска. За верски мешаните бракови, пак, конкретно за женидбата на еден муслиман со христијанка се вели:

1 Sahihul Buhari, (Hadithet e papërsëritur), Përmbledhje e fjalës dhe veprës se Muhammedit a.s, http://buhariu.com/buhariu/?h=1835, пристапено на: 15.11.2020.

*Поимот мешан брак подразбира брак помеѓу жена и маж што припаѓаат на различни вери или пак на различни идеологии. Според исламското право, на муслиманската жена ѝ е дозволено да се мажи само со маж што припаѓа на исламската вера, додека на мажите муслимани им е дозволено да се женат и со други жени, кои припаѓаат на други вери, со христијанки или Еврејки. Исламските правници овој правен факт за мешаните бракови го базираат на одредбите на примарниот извор, Куранот, и на секундарниот, Хадитот. Покрај тоа, исламот и муслиманите ги признаваат христијанската и еврејската вера како божествени религии објавени од Господ, како и пророците Муса и Иса, испратени од Бога во нивната мисија на верското декларирање[2].*

За овој вид брак имам реализирано интервјуа со неколку соговорници. Во долунаведеното искажување на еден од моите соговорници се дискутира за еден мешан брак, како и за размислувањата околу ваквите бракови:

*Кај христијаните (зборувам за мојата сопруга), бракот е нешто свето, тие веруваат дека е подарок од небесното. Се смета како симбол, како еден договор, света институција, едно поврзување на беса. Кај нас од исламската вера се смета за благословен однос помеѓу мажот и жената, каде што парот ќе има љубов, разбирање и толеранција. И во двата случаи повеќе или помалку до вечноста, според моето мислење. Јас ги поддржувам браковите помеѓу католичката вера и муслиманската, и кога јас ги поддржувам, тогаш и мојата фамилија нема да има никакви противења. Можеби општеството и околината имале, но бидејќи добро си поминуваме, тогаш сите мислења на другите паѓаат во вода. Не, нема потреба од конвертирање на верата кај другиот. Бракот функционира и без да навлезе многу во религиозниот аспект. Слободни сме во нашите верски убедувања. Јас како сопруг ниту сум ѝ предложил, а ниту сум вршел притисок на мојата сопруга за да се конвертира во муслиманската религија, а ниту помислувам дека некогаш ќе влијаам. Таа е слободна да ги практикува сите верски ритуали, и јас нема да станам пречка бидејќи од почетокот сум знаел дека припаѓа на друга религија. За мене е важно да поминеме заедно убаво. И јас не ги практикувам многу верските ритуали, но празниците да. Празниците се соединување, вечери, посети на најблиските, посебно љубовта на сопругата, на нејзините најблиски, посети на фамилијата, значи верските празници се присутни кај нас и се, неискажливо, со многу убава атмосфера. Не мислам дека меѓуверските бракови завршуваат со разводи. Ми се чини уште посилна љубовта што ја имам за жена ми, посебно дека има друга религиозна припадност, фантастично чувство. Да сакаш некого до смртта е најголемиот благослов што може да ти го даде Господ, иако припаѓа на друго верско убедување, ова е моето конкретно размислување[3].*

2 http://www.mediaelire.net/lajm/1038/martesa-sipas-drejtes-islame/ пристапено на: 22.10.2019.

3 Г. Исуфи, 50 год., од Бујановце. Интервјуто е реализирано во Приштина, мај 2019 год.

Исламската вера го поттикнува и го препорачува бракот. Куранот и сунетот го претставуваат бракот во различни форми, како аргумент за постоењето на Бог, како традиција на пророците. Исто така, бракот го сметаат како семеен мир и легитимна институција за да се остават потомци.

Бракот, пак, на муслиманска жена со маж од друга вера е забранет, што е последица на ритуалите и традицијата во овие религии. Вака ја поставува проблематиката Фаик Мифтари:

> *Во овој брак се смета дека муслиманската жена на овој начин може да ја ризикува нејзината вера. Исто така, муслиманите имаат некои специфични верски правила, на пр. правилото на гусла (миење), абдес, тахарет (прочистување), забрана за консумирање на некои хранливи продукти, свинско месо и свинска маст, забрана за консумирање на одредени пијалаци, пиво, алкохол и вино. Од овој аспект муслиманската жена во мешан брак ќе се судрува со други тешкотии, како што е едукација на децата, при што мажот ќе посака да ги едуцира децата според неговата верска припадност, што е логично и природно негово право, додека муслиманската жена, на еден или на друг начин, ако не на директен, тогаш на индиректен начин ќе ги пренесе кај нејзините деца нејзините верски убедувања, што природно ќе создаде проблеми во бракот*[4].

**Бракови според христијанската католичка религија**

Круната на бракот, или тајната на бракот, за христијаните католици е една од седумте тајни, односно има големо и витално значење, што теолошки се објаснува како љубов помеѓу Исус Христос и Црквата. „Оваа тајна е голема. Но јас ви зборувам за Христа и за Црквата“ (Еф. 5:32), како љубов, верност и меѓусебно дарување. Овој брак не е нешто само природно, како и сите, или како повеќето, туку станува повик да се знае, да се прифаќа, да се исполнува планот на Бог во христијанскиот живот, не само како личност туку и во брачниот и во семејниот живот. Католичкиот брак, значи, признава дека љубовта го има својот извор во Бога, во неговото присуство и влијание, без кое човекот се залага залудно, но не ја достигнува.

Католичката црква прави разлика помеѓу браковите склучени помеѓу припадници на католичката вера и оние што припаѓаат на другите христијански деноминации (протестантски, православни, англикански), како и припадници на други нехристијански религии (муслиманска, еврејска, хиндуска, будистичка). Црковниот закон предвидува и можност за брак помеѓу верник и неверник. Сите овие брачни врски се различни едни од други, иако имаат заеднички елементи. Кога зборуваме за мешани бракови, можеме да кажеме дека под одредени услови црквата дозволува вакви бракови. Овие услови се: прифаќање на принципите на бракот,

4 http://www.mediaelire.net/lajm/1038/martesa-sipas-drejtes-islame/. пристапено на: 22.10.2019.

какви што се моногамијата, ексклузивноста, неделивоста и единството на бракот; прифаќање на децата во бракот и ветувањето на сопружникот од другата религија дека децата ќе се образоваат според католичката доктрина. Што се однесува до ставот на католичката црква за мешаните меѓуверски бракови, треба да се потенцира дека има католички цркви и католички свештеници во Косово што имаат потолерантен став. Странските мисионери (свештеници) се обидувале да ги убедуваат католиците да не стапуваат во брак со муслиманите. Но месните свештеници Албанци, кои знаеја дека има мешани фамилии со муслиманска и католичка верска припадност, се обидуваа на мешаните бракови да им дадат легитимност (Krasniqi 2007: 59).

Во католичката црква се обрнува посебно внимание на мешаните бракови помеѓу католици и муслимани со оглед на претпоставките дека ваквите бракови пројавуваат доста тешкотии поради различните традиции, верските закони, менталитетот, како и поради исламските правила во врска со улогите на жената и мажот како сопружници во рамките на семејството. Но, иако овие закони и верски права се стриктни и треба да се почитуваат, нашата соговорничка, христијанка католичка што е омажена со маж муслиман, за функционирањето на нивниот брак вели:

> *На почетокот може да кажам дека мешаните бракови функционираат ако сопружниците покажуваат или докажат заемна почит за религиозното верување на сопругот или сопругата, како пред така и за време на бракот. Само на овој начин може да се постигне крајната одлука за склопување брак. Јас сум христијанка и сум омажена со маж муслиман. Нашиот брак функционира прекрасно, го правам невозможното за тоа, но меѓу нас постои една силна љубов, која прави тоа да биде перфектно. Тоа ја прави проекцијата на нашиот живот. Јас целосно ги поддржувам браковите помеѓу католик и муслиман, но не ги поддржувам браковите што не се од иста вера, и се од различни националности, тоа е неприфатливо. Јас целосно ја имам поддршката од фамилијата, иако може реакциите на некој од околината или од општеството не биле позитивни, но значајна беше поддршката на фамилијата. Притоа, не мислам дека е задолжително човек да премине во другата вера за да се оствари бракот. Напротив, ние сме многу среќни со уверувањата што ги имаме, се радуваме кога ги славиме сите слави што се дел од нашите религии. Ни јас, а ни сопругот во нашата врска не сме го споменувале конвертирањето. Не сме толку занесени за да се конвертираме во верата на другиот. Слободни сме. Денес се признава дека меѓу верските заедници постои толеранција и соживот, и ова се рефлектира и кај поблиските од фамилијата. Јас ја споменав реакцијата на семејството во претходното прашање. Постои голема почит помеѓу нашите семејства. Општо мислам дека рефлексијата на мешаните бракови е позитивна и го отсликува позитивниот пристап кон традицијата. Од ритуалите, давањето име на детето има посебно значење, додека другите ритуали очекувам дека децата ќе ги искажат кога ќе пораснат. Да се определат на која вера ќе припаднат. Не би требало да има проблеми. Кога двајцата родители се Албанци, но друга*

*работа е ако еден од родителите е екстремист, тогаш се случуваат проблеми. Ритуалите, како и вршењето на ритуалите, очекувам да ги искажат децата кога ќе пораснат. Јас ги практикувам ритуалите и празниците од двете религии, но во ритуалите повеќе се наклонувам на моите (ха-ха-ха). Сопругот е помалку посветен на верските празници, но ги слави со посебно внимание. Јас лично не се согласувам дека таквите бракови не успеваат и завршуваат со разделба, бидејќи не само што сум слушнала туку знам случаи во семејството што докажуваат дека им успеало, и бракот им траел сè до смртта. Моето лично размислување, сакајте се еден со друг сè додека смртта не ве раздели*[5].

## МЕЃУРЕЛИГИСКИ БРАКОВИ ВО КОСОВО

### Ставови кон мешаните бракови во Косово

Покрај традицијата и верските норми поврзани со бракот, ставовите и мислењата на младите за бракот се исто така многу важни. Додека порано овие ставови и мислења на самите млади луѓе во врска со бракот биле под влијание на социјалните кругови, односно семејството и социјалните институции како што се сродството или религијата, денес, во ерата на глобализацијата и под огромното влијание на современите средства за комуникација, младите се под влијание и на други фактори што можат да се класифицираат како елементи на глобалната култура.

Од истражувањето спроведено на Косово во врска со младите разбираме дека „огромното мнозинство од интервјуираните млади луѓе (89 %) во иднина се замислуваат себеси во среќен брак со свое семејство. Само 7 % себеси се гледаат живеејќи неформално со партнер, а 2 % претпочитаат да бидат слободни и без семејни или партнерски обврски во иднина. Процентот на оние што сакаат да имаат семејство во иднина е уште поголем кај младите на возраст од 23 до 27 години и изнесува 92 %“. Живеалиштето и полот немаат никакво влијание во проекциите на брачниот статус на косовските млади. Главната предност на бракот пред неформалното заедничко живеење, според мнозинството млади луѓе што се изјасниле за брак (56 %), е тоа што бракот „ја зголемува одговорноста на сопружниците едни кон други“. Други 17 % од оваа група сметаат дека бракот ја зголемува „одговорноста на сопружниците во одгледувањето на децата“, а друга група од 19 % сметаат дека бракот има предност пред неформалното живеење во очите на косовското општество. Перцепциите за главниот приоритет на бракот не се разликуваат според местото на живеење или полот. Младите во Косово генерално сметаат дека и мажите и жените треба да се венчаат на млада возраст. Најсоодветната возраст за брак според косовската младина е 24 години за жени и 26 години за мажи. Она што изненадува е што, според

5 Л. Седај, 45 год., од Приштина. Интервјуто е реализирано во Приштина, мај 2019 год.

младите жени, соодветната возраст за брак е малку повисока од онаа што младите мажи ја сметаат за соодветна. Девојките сметаат дека најсоодветна возраст за брак за жените е 24 години (наспроти 23 години како што се искажале мажите), додека за спротивниот пол е 27 години (наспроти 26 години според мажите).

## АКТУЕЛНА СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИ НА МЕЃУРЕЛИГИСКИТЕ БРАКОВИ ВО КОСОВО

Семејната институција, како и повеќето други општествени институции, доживува длабоки промени. Овие промени главно се должат на влијанијата на процесот на глобализација. Брзиот технолошки развој, зголемувањето на можностите за комуникација и патување за кратко време на долги растојанија оставаат длабоки отпечатоци дури и на семејството и на семејната организација. Еден од главните фактори што моментално влијаат на семејниот живот е големиот број вработени омажени жени. Дури и во Косово, семејната институција доживува длабоки промени, или како резултат на влијанието на процесите на глобализација, или како резултат на фазата на транзиција низ која поминува семејството на Косово. Овие промени се забележуваат и кога станува збор за прашањето за меѓуверските и меѓуетничките бракови на Косово.

На глобално ниво, семејната институција минува низ неколку процеси на промени. Меѓу најважните се смета намалувањето на влијанието на родовите и сродничките семејни заедници, постои тенденција кон слободен избор на сопруг, правата на жените сѐ повеќе се признаваат, се развиваат повисоки нивоа на сексуална слобода и се признаваат повеќе права на децата.

Во моментов, феноменот на меѓуверски бракови не е многу изразен во косовското општество. Треба да се има на ум дека повеќето Косовци не се многу посветени на својата религија. Огромно мнозинство Косовци на прво место се сметаат себеси за припадници на албанската нација и помалку за припадници на одредена религија. Значи, врската на Косовците со нацијата е многу посилна од врската со религијата на која ѝ припаѓаат. Затоа, во случаите на мешани меѓуверски бракови може да се каже дека различната верска припадност на сопружниците не се очекува да претставува некој значаен проблем бидејќи верската припадност не е најважниот дел од нивниот идентитет. И мажите и жените се сметаат себеси за Албанци на прво место. Дури и свадбените церемонии и обреди што ги придружуваат се претежно семејни и традиционални и не се религиозни. Во Косово не е вообичаено свадбите да бидат верска церемонија. Тие обично се изведуваат во семејни или општествени средини, како што се разни хотелски простории итн.

Во врска со меѓуетничките бракови, може да се каже дека овој социјален феномен е многу редок на Косово. Меѓуетничките бракови беа почести во поранешна Југославија. Тие бракови главно биле бракови на Албанци со жени од друга етничка припадност, како што се Босанки, Србинки или Хрватки, жители на иста земја. Случаите на бракови на Албанки со мажи од друга националност биле многу поретки. Ова се должи на многу силните традиционални и религиозни

норми што го забрануваа и оневозможуваа бракот на Албанките со мажи од друга националност. Подоцна имало случаи кога Албанци од Косово се оженилe за жени од друга националност и религија, но овие бракови се случиле главно во Западна Европа и биле направени за остварување разни материјални интереси. Повеќето од овие бракови завршиле со развод.

Во Косово во денешно време речиси нема меѓуетнички бракови иако малцинските заедници што живеат на Косово се доста добро интегрирани во политичкиот и општествениот живот. Исто така, нема значителни конфликти помеѓу индивидуите од албанската заедница и оние од другите заедници, меѓутоа може да се смета дека меѓуетничките бракови во Косово не постојат. Во последниве години започна да се појавува интересен феномен. Тоа е склучување брак на млади жени од северниот дел на Албанија со Срби, претежно постари ергени од српски села, главно српски села лоцирани во близина на општините Каменица и Гњилане во Косово. Овој феномен започна порано, кога млади жени од северниот дел на Албанија се венчаваа со Срби во селата на Јужна Србија и во селата на Црна Гора. За овие жени се смета дека потекнуваат главно од сиромашни семејства, кои живееле во тешки економски услови. Се смета дека овие бракови се одвиваат со одобрение на машките роднини на овие девојки, кои добиваат материјален надомест од српските младоженци за да биде дадена согласност за овие бракови.

**Заклучок**

Феноменот на меѓуверски бракови на Косово е познат подолго време. Но, тоа не било изразено во голем обем скоро никогаш во историјата. Имало некои периоди кога овој социјален феномен на меѓуверски бракови на Косово бил поизразен. Еден таков период бил периодот по Втората светска војна, кога се забележани поголем број меѓуетнички и меѓуверски бракови. Овие бракови главно биле помеѓу Албанци и Босанки, а поретко помеѓу Албанци и Србинки или Македонки.

Во врска со феноменот на меѓуверски бракови на Косово, може да се заклучи дека овој феномен не е многу распространет. Двете религии на кои главно им припаѓаат Косовците, муслиманската и христијанската католичка, имаат свои правила во врска со прашањето за брак. Муслиманската религија дозволува муслиман маж да се ожени со жена немуслиманка ако таа припаѓа на една од монотеистичките вери, но не дозволува муслиманка да се омажи за маж немуслиман. Христијанската католичка религија не претпочита мешан меѓуверски брак, но во исто време не забранува такво нешто. Се препорачува да се избегнуваат овие видови бракови поради тешкотиите и проблемите што можат да се појават подоцна во брачниот и семејниот живот. Меѓуверските бракови, иако можат да бидат прифатени од Црквата, не припаѓаат на Канонскиот закон, така што, ако не се придржуваат до црковните правила, овој вид брак не се смета за црковна тајна. Истражуваните граѓани ги искажаа своите ставови и мислења во врска со феноменот на меѓуверски брак на Косово. Повеќето од испитаниците се отворени за идејата дека еден од членовите на нивното семејство може да се ожени со некој што припаѓа на друга религија. Во однос на ставовите на испитаниците кон оваа проблематика, нема

голема разлика кога тие ќе се споредат со варијаблите како: верска припадност, пол, возраст или образование на испитаниците. Испитаниците во возрасната група од 25 до 35 години се повеќе против идејата еден од членовите на семејството да стапи во брак со припадник на друга религија во споредба со другите возрасни групи, кои се поотворени за оваа идеја. Повеќето испитаници сметаат дека случаите на мешани меѓуверски бракови можат да влијаат на зачувување и култивирање на верската толеранција.

Кога станува збор за односите меѓу различните генерации во семејството во мешаните бракови се смета дека тие може да станат извор на многу проблеми и тешкотии. Генерацискиот конфликт е изразен во сите семејства. Сепак, во случаите кога родителите припаѓаат на различни религиозни деноминации, тогаш може да се појават дополнителни проблеми меѓу нив и децата поради несогласувања во врска со именувањето, образованието, воспитувањето и поврзаноста на децата со верските норми и институции.

Мешаните меѓуверски бракови имаат влијание не само на бракот туку и на потесниот и поширокиот семеен круг. Ефектите од мешаните бракови се опипливи и сè уште позабележителни кај нивните деца. Речиси половина од испитаниците сметаат дека мешаните бракови немаат некое особено влијание врз односот помеѓу семејството на жената и семејството на мажот. Приближно една третина од испитаниците го изразуваат своето мислење дека мешаните меѓуверски бракови можат многу да влијаат на зачувувањето и развојот на традицијата на верска толеранција, по која се познати Албанците во светот. Приближно друга третина од испитаниците сметаат дека овие бракови може да придонесат до одреден степен за одржување и развој на верска толеранција.

Врз основа на истражувањето може да се заклучи дека феноменот на меѓуверски бракови не е многу распространет во Косово. Граѓаните покажуваат одредена доза на отвореност кон овие бракови и не очекуваат овие бракови да предизвикаат големи проблеми во животот на брачниот пар и во нивниот близок семеен круг. Во случај на мешани меѓуверски бракови, може да се каже дека различната верска припадност на сопружниците не се очекува да претставува некој значаен проблем бидејќи верската припадност не се смета за најважниот дел од идентитетот на Албанците.

**Интернет извори**

http://www.zeriislam.com/artikulli.php?id=2598
http://buhariu.com/buhariu/?h=1835
http://www.mediaelire.net/lajm/1038/martesa-sipas-drejtes-islame/
http://www.zeriislam.com/artikulli.php?id=128
http://www.famulliabinqes.com.
http://www.kishakatolike.org/repository/docs/Drita-7-8-2008.pdf
http://zeri.info/zerat/72218/martesat-e-perziera-ne-shoqerine-kosovare/
https://www.bing.com/search?q=hendriks%2C+jean.+matrimoniale%2C+diritto.+2001.+ancora.&form=EDGEAR&qs=PF&cvid=9557107e2ee6492bb7c15595754e5bc9&cc=US&setlang=en-US&plvar=0.

**Литература**

Ahmeti, Sherif H. 1987. *KUR'AN-I (Përkthim me komentim në gjuhën shqipe)*. Prishtinë.

Faruki, Lois Lamja. 2007. *Grate muslimane dhe Islami*. Shkup: Logos A.

Krasniqi, Mark. 2007. *Toleranca në traditën shqiptare*. Prishtinë: ASHAK.

Lajçi, Bashkim. 2007. *Gjurmime Etnologjike*. Pejë.

Sarëkçëogllu, Ekrem. 2010. *Historia e feve prej fillimit deri sot*. Shkup: Logos A, Fokus.

Sokoli, Ramadan. 1997. *Trashëgimia fetare në etnokulturën tonë, Revista*. Gjurmime Albanologjike. Seria Folklor dhe Etnologji, nr. 27. Prishtinë: Instituti Albanologjik i Prishtinës.

Takvimi. 1997. *Bashkësia Islame e Kosovës*. Prishtinë.

Tirta, Mark. 2003. *Etnologjia e Shqiptarëve*. Tiranë: GEER.

Објавувањето на списанието „ЕтноАнтропоЗум“ бр. 21/2021 година е финансиски помогнато од Министерството за култура на Република Северна Македонија согласно Договорот за финансирање проекти од национален интерес од областа на литературата и издавачката дејност за 2021 година.